# ENVIRONMENTAL PROTECTION IN THE FUNCTION OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT

**Temelko Risteski**
IKM, Skopje, RN Macedonia, temelko_mkd@yahoo.com
**Emrah Mihtaroski**
Basic Prosecutor, Skopje, RN Macedonia, emrarh_mihtaroski@hotmail.com
**Biljana Spirkoska**
Faculty of Medicine, Skopje, RN Macedonia, bibispirkoska@gmail.com

**Abstract:** The environment is the space in which man lives and in which settlements, goods in general use, industrial and other facilities necessary for his life and survival are located.
Environmental protection is a system of measures and activities (social, political, economic, technical, educational and other) that ensure the creation of conditions for its protection from pollution and degradation. These measures and activities should ensure the survival and quality of life of man in the environment in the present and the creation of conditions for the survival and quality of life of future generations. Man and human society develop and progress using the achievements of science and technology. But development must not be at the expense of future generations. It should enable the survival of humanity and its progress towards an even better quality of life in accordance with future achievements of science and technology.
Sustainable development is a topic of discussion at many international conferences, and a subject of regulation of international environmental law and national normative regulations on environment of states. It implies meeting the needs for a healthy environment, as well as the social and economic needs of current generations, without jeopardizing the rights of future generations to meet their own needs. Therefore, when undertaking any activity or performing that, it is mandatory to take into account the rational and sustainable use of natural resources.
A basic condition for environmental protection through compliance with normative regulations is the developed environmental awareness of citizens. At the basis of developed environmental awareness is developed environmental morality. There is no developed environmental awareness without developed environmental morality. Environmental morality consists of a set of moral values on which the relationship of man to the environment is based.
**Keywords:** protection, environment, sustainable development, awareness, constitution, law

# ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

**Темелко Ристески**
ИКМ, Скопје, РС Македонија, temelko_mkd@yahoo.com
**Емрах Михтароски**
Јавен обвинител, Скопје, РС Македонија, emrarh_mihtaroski@hotmail.com
**Билјана Спиркоска**
Медицински факултет, Скопје, РС Македонија, bibispirkoska@gmail.com

**Резиме:** Животната средина е просторот во кој живее човекот и во кој има установи, општи добра, индустриски инсталации и други неопходни за неговиот живот и опстанок.
Заштитата на животната средина е систем на мерки и активности (социјални, политички, економски, технички, образовни и други) кои обезбедуваат создавање услови за нејзина заштита од загадување и деградација. Овие мерки и активности мора да обезбедат опстанок и квалитетен живот на човекот во сегашната животна средина и создавање услови за опстанок и квалитетен живот на идните генерации. Човекот и човечкото општество се развиваат и напредуваат користејќи го напредокот во науката и технологијата. Но, развојот не смее да биде на сметка на идните генерации. Тој мора да овозможи опстанок на човештвото и негов напредок кон уште подобар квалитет на живот во согласност со идниот напредок во науката и технологијата.
Опстанокот на човештвото е можен во услови на здрава животна средина. Правото на здрава животна средина е регулирано со меѓународни правни акти и со уставни и законски нормативни прописи на

државите. Здравата животна средина не е само услов за опстанок на човештвото, туку и за негов развој. Затоа, заштитата на животната средина е основа за одржливиот развој на човештвото.
Одржливиот развој е тема на дискусија на многу меѓународни конференции и предмет на регулирање на меѓународното право за животна средина и националните нормативни еколошки регулативи на државите. Тој е насочен кон задоволување на потребите за здрава животна средина, како и на социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без да се загрози правото на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби. Затоа, при извршување на која било активност, мора да се води сметка за рационалното и одржливо користење на природните ресурси.
Основен услов за заштита на животната средина преку почитување на нормативните прописи е развиената еколошка свест на граѓаните. Основата на развиената еколошка свест е развиениот еколошки морал. Нема развиена еколошка свест без развиен еколошки морал. Еколошкиот морал се состои од збир на морални вредности на кои се заснова односот на човекот со животната средина.
**Клучни зборови:** заштита, животна средина, одржлив развој, свест, устав, закон

## 1. ВОВЕД

Законот за заштита на животната средина на Република Северна Македонија ја дефинира животната средина како „простор со сите живи организми и природни ресурси или од природата создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и каде се наоѓаат населбите, добрата за општа употреба, индустриските и други објекти вклучително и медиумите во просторот." (член 5, став 1, точка 1,).
Животната средина како животен простор е комплексна и претставува дијалектичко единство со човекот. Таа, како дел од природата, влијае на човекот, а и човекот, со своите активности, влијае на неа.
Заштитата на животната средина е систем на мерки и активности (социјални, политички, економски, технички, образовни и други) кои обезбедуваат поддршка и создаваат услови за нејзина заштита од загадување и деградација од штетни активности, разни видови отпад, осиромашување на озонската обвивка, штетна бучава и вибрации, јонизирачко и штетно нејонизирачко зрачење, непријатни мириси итн.
Заштитата на животната средина и преку неа овозможување одржлив развој е одговорност на луѓето и државите. Државите треба да усвојат национално законодавство, да формираат национални институции за подобрување и спроведување на прописите, да ги ратификуваат меѓународните акти за заштита на животната средина и да ги усогласат нивното национално законодавство со европското и светско законодавство. Тие треба заедно да работат за да ја заштитат животната средина и да ја одржуваат за идните генерации.
Обединетите нации прават напори за подобар квалитет на животната средина, а во врска со тоа се организираат меѓународни конференции за проблемите со квалитетот на животната средина. Во нивна организациија и покровителство се одржани повеќе конференции и тоа.
I. Конференција на Обединетите нации за животна средина (Стокхолм, 1972 година),
II. Конференција за животна средина и развој „Самит на Земјата" (Рио, 1992 година),
III. Конференција - Самит за одржлив развој (Јоханесбург, 2002 година),
Конференцијата во Рио на која се донесени неколку важни документи: Декларацијата од Рио, неколку конвенции и програми (Светска програма за заштита на шумите, програма за климатски промени итн.) и Конвенцијата за заштита на биолошката разновидност. Оваа конференција често се именува како Конференција за одржлив развој.
Заштитата на животната средина беше предмет на дискусија на Конференцијата на ОН за климатски промени што се одржа во Баку во ноември оваа година. Конференцијата се подготви нацрт договор според кој Европската унија, САД и другите богати земји ќе обезбедат рекордни 300 милијарди долари до 2035 година на земјите во развој за да им помогнат да се подготват за спречување на климатските промени, кои опасно ја загрозуваат животната средина и со тоа го попречуваат одржливиот развој.

## 2. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО НАЦИОНАЛНАТА ПРАВНА РЕГУЛАТИВА НА ДРЖАВИТЕ

Уставите и еколошките закони на речиси сите земји во светот ги засноваат своите одредби за еколошките слободи и права на граѓаните на одредбите на меѓународните документи за човекови права кои се однесуваат на заштитата на природата и нејзините ресурси. Затоа, јуриспруденцијата и правната логика на овие документи се прифатени во националните уставни системи и еколошки законодавства на државите.
Така, Основниот закон на Сојузна Република Германија (Уставот), во членот 20-а, ја пропишува одговорноста на германската и, согласно со законот и правдата ќе постапува во извршна и судска постапка, се во рамките на уставниот поредок.

Уставот на Република Франција не содржи одредби за заштита на животната средина. Затоа, Националното Собрание на Република Франција, во 2004 година, усвои посебна уставна повелба за животна средина која содржи повеќе одредби за нејзина заштита.
Уставите на балканските земји содржат многу кратки и концизни одредби за правото на здрава животна средина.
Според член 74 од Уставот на Република Србија, секој има право на здрава животна средина и навремени и целосни информации за нејзината состојба. Република Србија и автономните покраини се одговорни за заштита на животната средина. Секој е должен да ја чува и подобрува животната средина.
Уставите на Република Српска и Република Црна Гора се многу кратки во одредувањето на правото на здрава животна средина. "Човекот има право на здрава животна средина. Секој, според законот, во рамките на своите способности, ќе ја заштити и ќе ја унапреди животната средина ", кажано е во Уставот на Република Српска (член 35).
Уставот на Република Црна Гора речиси на ист начин го регулира ова право. Според член 19, секој има право на здрава животна средина и навремени и целосни информации за нејзината состојба. Секој е должен да ја чува и унапредува животната средина..
Уставот на Република Бугарија, во членот 55, им  го гарантира на бугарските граѓани правото на здрава и поволна средина во согласност со утврдените стандарди и норми. Тие мора да ја штитат животната средина, што звучи многу императивно.
Уставот на Република Хрватска со членот 69 се приближува кон идејата за посебна одредба на правото на здрава животна средина преку утврдување на правото на здрав живот и правото на здрава животна средина и го обврзува секое правно лице во државата, во рамките на неговите овластувања и компетенции, да посвети посебно внимание на заштитата на здравјето на луѓето, природната и човековата средина.
Уставот на Република Северна Македонија го пропишува правото на здрава животна средина слично на уставите на другите балкански држави. Според член 43 од Уставот, секој има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина. Републиката ги обезбедува условите за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.
За да ги спроведе во животот цитираните уставни одредби поврзани со здрава животна средина и за спроведување на документите на Европската унија за животната средина, Републиката донесе неколку закони кои директно и индиректно ја штитат животната средина. Меѓу нив најважни се: Законот за заштита на животната средина, Законот за заштита на природата и Законот за квалитет на амбиенталниот воздух.
Меѓу овие закони сигурно најважен е Законот за заштита на природата. Овој закон содржи бројни одредби посветени на бројните правни институти од областа на заштитата на природата.
Покрај усвојувањето на националните закони за животна средина, Република Северна Македонија донесе серија закони за ратификација на меѓународните правни акти со кои меѓународното право за заштита на животната средина се имплементира во македонското национално еколошко право со што Републиката јасно ја покажа својата определба да застане рамо до рамо со други земји од Европа и светот за  заштита на животната средина со рационално користење на природните ресурси.

## 3. ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ КАКО ОСНОВЕН ПРАВЕН ПРИНЦИП ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Одржливиот развој е дефиниран на многу различни начини, но сите дефиниции бараат систематски и холистички пристапи кои ќе ни овозможат да го разбереме целиот свет како сложен систем.
Одржливиот развој првпат беше дефиниран во извештајот Брунтланд на Светската комисија за животна средина и развој во 1987 година. Според овој извештај „Одржливиот развој е развој кој ги задоволува потребите на сегашноста без да ја загрози способноста на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби“ ( Brunthland Report 1987).  Тој во себе содржи два клучни концепти:
• Концептот на потреби, особено суштинските потреби на сиромашните во светот, на кои треба да им се даде главен приоритет и
• Идејата за ограничувања на технологијата и социјалната организација наметнати од страна на државите  за одржување на способноста на животната средина да ги задоволи сегашните и идните потреби.
Во согласност со тоа, одржливиот развој е организационен принцип за исполнување на целите на човековиот развој, а во исто време за одржување на способноста на природните системи да обезбедуваат природни ресурси и екосистемски услуги од кои зависат економијата и општеството. Посакуваниот резултат е состојба на општеството каде што условите за живот и користењето ресурсите продолжуваат да ги задоволуваат човечките потреби без да го нарушат интегритетот и стабилноста на природниот систем

(Begon, 2021). Одржливиот развој може да се дефинира и како развој кој ги задоволува потребите на сегашноста без да се загрози потребите на идните генерации.

Филозофски гледано, одржливиот развој е начин на размислување за тоа како да ги организираме нашите животи и работа за да го заштитиме нашиот најскапоцен ресурс – Планетата; начин за промовирање на економскиот раст, рационално користење на ресурсите и заштита на животната средина во корист на квалитетот на животот. Како животна филозофија, тој е сложен и долготраен процес кој има за цел да ги задоволи нашите денешни потреби без да ги уништува ресурсите за идните генерации. Вака дефиниран, како одговорност кон животната средина, кон идните генерации и кон интензитет на задоволување на потребите, тој може да се примени како национална политика со различни аспекти: економски, демографски, социјални, културни, урбанистичко планирање, инфраструктура итн. (Dayal, 2018).

Според Светската комисија за животна средина и развој (позната како Брунтланд комисија): „Во суштина, одржливиот развој е процес на промена во кој користењето на ресурсите, насоката на инвестициите, ориентацијата на техничкиот развој и институционалните промени се во хармонија и го подобруваат сегашните и идните потенцијали со цел да се задоволат човечките потреби и аспирации“. На оваа дефиниција се потпираат ставовите за одржливиот развој на Република Северна Македонија и други земји и се сумираат голем број идеи и визии за одржливиот развој.

Според Законот за животна средина на Република Северна Македонија (член 8), „Одржлив развој е таков развој заснован на рационално и одржливо користење на природните ресурси за задоволување на потребите за здрава животна средина, социјалните и економските потреби на сегашната генерација без да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби“.

Законот за заштита на животната средина на Република Србија (член 9, стр. 4), го дефинира одржливиот развој како усогласен систем на технички, економски и општествени активности во рамките на севкупниот развој по принципите на економичност и почитување на природните и создадените вредности на Република Србија со цел зачувување и подобрување на квалитетот на животната средина за сегашните и идните генерации.

Според Законот за заштита на животната средина на Република Српска (член 7) начелото на одржлив развој е едно од начелата за заштита на животната средина. Според ова начело, еколошката одржливост подразбира зачувување на природното богатство, така што потрошувачката на обновливи материјали, вода и енергетски ресурси не ја надминува рамката во која природните системи можат да ја компензираат таа потрошувачка и потрошувачката на необновливите ресурси не ја надминува рамката во која одржливите обновливи извори на ресурсите се заменуваат; нивото на испуштени загадувачи да не ги надминува можностите на воздухот, водата и земјиштето да ги апсорбираат и преработуваат и постојано зачувување на биолошката разновидност (биодиверзитет), здравјето на луѓето, квалитетот на воздухот, квалитетот на водата и земјиштето, во согласност со условите неопходни за животот на луѓето, флората и фауната.

Согласно Законот за животна средина на Република Црна Гора (член 7, стр. 22), „Одржливиот развој е економски и социјален развој на општеството кое со задоволувањето на потребите на денешните генерации ги почитува можностите за задоволување на потребите на идните генерации и овозможува долгорочно зачувување на квалитетот на животната средина, биодиверзитетот и земјишниот простор“.

„Одржливиот развој е економски и социјален развој на општеството што ги задоволува потребите на денешницата без да ја загрози можноста за задоволување на потребите на идните генерации и обезбедува долгорочно зачувување на квалитетот на животната средина, биодиверзитетот и пределот“ (член 3, став 1, точка 21 од Законот за заштита на животната средина на Република Хрватска).

**4. ЕКОЛОШКА СВЕСТ – ОСНОВА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Основен императив за одржлив развој е развиената еколошка свест. Еколошката свест се заснова на сознанието дека човекот е дело на природата и, во врска со тоа, дека тој не може да биде нејзин господар, туку дека зависи од неа е дека должен да ги почитува нејзините закони.

Развиената еколошка свест е основа за рационално користење на природните ресурси. Нема развиена еколошка свест без развиен еколошки морал. Во основата на еколошкиот морал е збир на морални вредности.

Основата на еколошкиот морал, во функција на одржливиот развој, треба да биде Аристотеловиот принцип на златната средина (Đurić, 1976, стр. 395). Суштината на овој принцип е да се избегнуваат претерувања во користењето на природните ресурси. Ниту премногу, ниту премалку, туку онолку колку што е потребно за да се задоволат потребите за производство на добра неопходни за човечкиот живот, а при тоа да не се нарушува рамнотежата во природата.

Почитувањето на природата и нејзините закони наметнува императивна потреба на човекот да се сврти кон неа, да ги следи и проучува нејзините закони и да ги става во своја полза. Дијалектичкиот закон за премин квантитетот во квалитет и обратно директно упатува на општо познатиот факт дека природата има своја мерка и граница. Ако бесмисленото искористување на природните ресурси го надминува квантитетот што може да го издржи природата, доаѓа до нов квалитет на природните услови на кои човекот мора да се приспособи за да не умре. Но, оваа адаптација има свои граници, бидејќи можностите за адаптација се квантитативно определени. Ако, на пример, огромните емисии на гасови од индустријата и транспортот во атмосферата го намалат процентот на кислород, човекот треба да се прилагоди со додавање на нови физиолошки карактеристики на издржливост под намален процент на кислород за дишење, додека тоа го овозможуваат неговите физиолошки потенцијали. Потоа доаѓа до нов квалитет, за жал неповолен за човекот кој доведува до неговото исчезнување и населување на Планетата со живи суштества кои можат да преживеат во услови на помал процент на кислород во атмосферата.

Но, во современиот потрошувачки ориентиран свет, во кој парите се очигледно најголема вредност, човекот е крајно себичен кон природата. Искористувањето на природните ресурси се врши на тој начин што не се води сметка за умереноста. Принципот на мерата за кој пишувале античките грчки филозофи Протагора, Демокрит и Аристотел (Đurić, 1976, стр. 167,181, 389) е еден од најважните принципи на природата. Човекот со прекумерна и нерационална експлоатација на природните ресурси: просторот за живеење, минералите, водата, воздухот, растенијата, животните и други, ја нарушува рамнотежата во природата. Нарушувањето на рамнотежата ја нарушува човековата животна средина и таа станува нездрава. Таквата животна средина исклучително негативно влијае на квалитетот на човечкиот живот и на здравјето на луѓето.

Еколошкиот морал е основата на еколошката свест. Во однос на природата и животната средина, би можеле да ги поставиме следните морални вредности: прифаќање на фактот дека човекот е дел од природата, почитување на природата и нејзините вредности, штедлив однос кон природните ресурси, внимателен и хуман однос кон просторот и неговата флора и фауна.

Наспроти овие морални вредности, постојат морални девијации, како што се: одвојување и отуѓување на човекот и неговото општество од природата, невнимателен однос кон природата и нејзините ресурси, нехуман однос кон просторот и флората и фауната на неа итн.

Во однос на наведените морални девијацции на човекот во однос на просторот, водите, минералите, флората и фауната на него, треба да се нагласи дека човекот со непланска и неконтролирана експлоатација ја деградира природата и се лишува себеси и идните генерации од правото на користење на природните ресурси и правото на здрав и безбеден живот. Најилустративен пример за тоа е немилосрдното уништување на амазонските прашуми за кои биолозите, со право, тврдат дека претставуваат бели дробови на Планетата Земја.

Поради недостиг на развиена еколошка свест кај граѓаните од балканските земји, шумите неконтролирано се уништуваат. Корумпираните шумски власти лесно издаваат дозволи за сеча на дрва и ги затвораат очи пред прекумерната сеча. Шумите станаа извор на богатство за многу луѓе: алчни за пари жители на селата и градовите во нивната близина. Со уништувањето на шумите се уништуваат живеалиштата на многу шумски животни и растенија. Со тоа човекот се лишува себеси и своите идни генерации од правото на користење на многу природни ресурси и си го ускратува правото на безбеден и мирен живот во сегашноста и иднината.

Шумските пожари често голтаат огромни шумски површини. Во текот на јули и август 2024 година изгореа 5% од територијата на Северна Македонија (info.mk, timebalkan.mk), од кои 60.000 хектари под шума, при што е направена штета од 1,5 милијарди денари или околу 27 милиони евра. (Сител, 25.08.2024, time.mk). Причината за тоа во Македонија најчесто е крајната негрижа, а често луѓето ги предизвикуваат со намера да обезбедат евтино огревно дрво и градежен материјал, како и простор за напасување на добитокот. Благите реакции на шумските стопанства, државните органи и нивната некоректна политика во однос на искористувањето на дрвата од опожарените шуми поттикнуваат несовесно и неодговорно однесување на граѓаните кон шумите.

Во август годинава големи пожари имаше на црногорското и хрватското приморје (во околината на Сплит) и во југоисточна Србија. Пожари од апокалиптични размери ја зафатија и Република Грција (во близина на Атина и островот Крит). Основната причина за овие пожари е, без сомнение, негрижата кон природната средина.

Што се однесува до дивата фауна, освен што се загозува со уништување и деградација на нејзините природни живеалишта, таа се загрозува и со прекумерен и незаконски лов и риболов, во основа на кои, од етичка гледна точка, се грабежот, занемарувањето на општото добро, негрижата за заедничката сопственост, егоизмот, алчноста и другите морално негативни особини на човекот од транзицискиот општество.

Питомата флора и фауна се загрозени од човекот и со неправилно одгледување и употреба на заштитни средства. Така, флората е загрозена со прекумерна употреба на пестициди, а питомата фауна (домашни животни) со генетски интервенции и неприродна храна.
Со прекумерно третирање на растенијата со пестициди, човекот добива овошје, зеленчук и житарки кои се крупни и убави, но штетни за здравјето на луѓето, што е етички недозволиво.
Со генетски интервенции и вкрстување се постигнува кравите да даваат многу млеко, свињите и говедата многу месо, кокошки кои носат многу јајца. Но за жал тие се со сомнителен квалитет од гледна точка на здравјето на луѓето (Jardin, 2006, стр. 162).

## 5. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Денес животната средина на човекот е повеќе или помалку деградирана. Деградираната животна средина не е одржлива и здрава животна средина. Деградацијата на животната средина е предизвикана, пред сè, со неправилна експлоатација на природните ресурси од страна на човекот; нивна прекумерна експлоатација; потоа со загадување на просторот со емисија на штетни гасови и пареи; со загадување на земјиштето со отпадни материјали и нитрати од ѓубрива; со загадување на реките, езерата и морињата со испуштање пластика, отпадни води и други штетни течности; со шумски пожари предизвикани од човек; со радиоактивна и електромагнетна контаминација на просторот; со прекумерна бучава итн.
Животната средина е простор за живеење на човекот. Со деградација и оштетување на просторот за живеење се уништува флората и фауната. Флората и фауната директно го прават просторот во функција на постоењето на човекот. Оштетената и уништена флора и фауна - дива и питома, како делови од просторот во кој живее човекот, го попречуваат неговиот живот на него, го прават помалку пријатен, даваат помалку производи за храна и за задоволување на другите животни потреби на човекот. Производите што тие ги даваат се со послаб квалитет.
Животната средина е дијалектичко единство на просторот и флората и фауната на неа. Животот е активност на живите суштества – човекот, животните и растенијата на просторот. Спротивно на животот е смртта како негова негација и како крај на постоењето на секое живо суштество. Животот и животната средина сочинуваат дијалектичко единство. Ако на областа нема живи суштества и ако нема живот, тамунема да има животна средина. Човекот е живо суштество. Живеејќи во просторот каде што има живот како севкупна активност на живите суштества, тој живее во животната средина како дел од природата.
Филозофски гледано, животната средина е огромно битие на планетата Земја. За да се развие, мора да се одржува. За да се одржи животната средина, таа мора да се заштити. Со заштитата се поставуваат здрави основи за животната средина. Одржливиот развој е можен само на средина поставена на здрави и цврсти основи.
Природните ресурси се ограничени. Нивната прекумерна експлоатација го става во ризик опстанокот на човештвото на Планетата Земја. Одржливиот развој го отстранува тој ризик. Основниот императив за одржлив развој е рационалното користење на природните ресурси. Рационалното користење на природните ресурси овозможува економски активности без ризик од нивно уништување и создава одржлива и здрава животна средина.
Конечно, рационалното користење на природните ресурси му овозможува на човекот да живее во хармонија со природата, што значи да биде вистински природен човек, а не суштество отуѓено од природата. Отуѓувањето од природата го води човештвото до уништување. Човештвото не смее да го дозволи тоа. Човештвото ќе опстане доколку доследно го применува принципот на одржлив развој, преку заштита на животната средина со рационално користење на природните ресурси.

## ЛИТЕРАТУРА

Begon M. and all, (2021) Ecology: From Individuals to Ecosystems, Wiley & Sons.
Djuric M. (1976), Istorija helenske etike BIGZ, Beograd.
From E., (2006) Umjće življenja, Mono &Manana, Beograd.
Gadner S., Ramsden S., Hails R. (2019) Agricultural Resilience: Perspectives from Ecology and Economics, Cambridge University Press.
Jardin J. (2006), Ekološka etika, Službeni glasnik, Beograd.
Juniper T., (2019), The Ecology Book. DK Publishing, English.
Keler D. (2019),Ecology and Justice – Citizenship in Biotic Communities, (1 st ed.), Springer Internationa l. Publishing,English.
Lemanceau P. Blouin M. (2019), Soils as a Key Component of the Critical Zone, ISTE LTD.

Lozny L., McGovern T. (2019),Global Perspectives on Long Term Community Resource Managament (1st ed.), Springer International Publishing.English.
Maddex R., (2007), Constitutions of the World, Yale University Press.
Устави на државите и закони за животната средина, пристап на www.google.com